ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-5170/2
24.11.2025 година
Велес

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-5170/1 од 07.11.2025 година, поднесено од [redacted] го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-5170/1 од 07.11.2025 година, поднесено од [redacted] со кое се бара информација од јавен карактер:

1. Колкав е вкупниот износ што Општината го потрошила во 2025 година за организирање на забавни, културни или музички манифестации?
2. Колкав дел од овие средства потекнува од општинскиот буџет, а колкав од спонзорства, донации или други извори?
3. Наведете ги сите забавни и културни манифестации што се одржале во Општината во текот на 2025 година
4. За секој настан наведете:
   - Назив на манифестацијата
   - Изведувачи / забавувачи (пејачи, бендови, диџеи, водители итн.)
   - Дали се домашни или странски уметници
   - Износ на хонорар или надомест исплатен на секој изведувач
   - Организатор (ако е ангажирана надворешна агенција или продукција)
   - Износ исплатен на организаторот
5. Доколку имало ангажирани странски изведувачи, наведете:
   - Име на изведувачот / групата
   - Износ на ангажманот
   - За која манифестација бил ангажиран
   - Дали биле покриени дополнителни трошоци (пат, сместување, дневници итн.)

6. Дали постои посебен буџет за поддршка на локални уметници и млади таленти, одделен од буџетот за големи манифестации?

и истата да се достави на барателот по е-маил, **СЕ УСВОЈУВА.**

**Образложение**

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапувајќи во законски определениот рок по горенаведеното барање согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19), констатираа дека бараната информација е информација од јавен карактер и истата му ја доставува на барателот:

Активностите на Општина Велес во областа на културата во 2025 година ( забавни, културни, музички манифестации...) се реализираат согласно Годишна програма што се усвојува од Советот на Општина Велес. Бидејќи календарската година не е завршена, во тековниот месец ноември не можеме да се произнесеме за вкупниот потрошен износ за 2025 година.
Во прилог Ви ја доставуваме Програмата за активностите на Општина Велес од областа на културата за 2025 година од каде ќе можете да имате комплетен увид на сите предвидени настани и манифестации како и вкупно предвидените средства за нивна реализација (хонорари, сместување, патни трошоци, рекламен материјал..)
Од табеларниот приказ ќе имате увид на предвидени средства од Буџетот на Општина Велес.
На дел од манифестациите комплетен организатор и реализатор е Општина Велес, додека одредени манифестации се реализираат по пат на делегирана надлежност. Тоа се манифестациите Рацинови средби, Фестивал на комедија „5ре", Фестивал на џез, ворлд и современа музика, Детски Рацинови средби. Општината дава поддршка и на Фестивалот на античка драма „Стоби".
Исто така преку Програмата за одбележување на годишнини на значајни настани и личности за 2025 година се огранизираат настани од областа на културата, а средствата се црпат од Програмата за култура.
За сите настани од областа на културата општината, заради јавност и транспарентност, редовно објавува најави, вести и прегледи на веб страницата и на фб профилите на општината и на градоначалникот.
Друг извор на финансирање на настани од културата е Министерство за култура и туризам.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

-За Рацинови средби 612.000,00 (шестотини и дванаесет илјади) денари.
-Интернационален фолклорен фестивал 400.000,00 (четиристотини илјади) денари.

Согласно горенаведеното, имателот Општина Велес одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес
Службени лица за посредување со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Маџарова

Доставено до:
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*